РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-2863/2
21-11-2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 24 - та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2863/1 од 28.05.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2863/1 од 28.05.2019 година.

Предметот со број 09-2863/1 од 28.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2863/1 од 28.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против повеќе лица.

Во пријавата е наведено дека во Т.Е Осломеј се вработуваат луѓе по партиска основа кои непрофесионално ги извршуваат работните задачи.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk